ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Скопје, 18 февруари 2019

# СООПШТЕНИЕ

## за зголемување на квотите за 12.000 денари за ПЗУ аптеки за месец февруари 2019

Фондот за здравствено осигурување на Македонија донесе одлука за линеарно зголемување на квотите за дополнителни 12.000 денари за секоја здравствена установа – аптека, освен за апеките со максимална месечна квота од 650.000 денари за месец февруари.

Со оваа дополнителна мерка, Фондот обезбедува дополнителен износ од над 9 милиони денари за месец февраури 2019, што ќе придонесе за достапност на лекови на рецепт за осигурените лица во текот на месецот. Причините за оваа дополнителна мерка се сезонскиот грип, прогласената епидемија на морбили, како и значителната искористеност на квотата за месец февруари, заклучно со денешниот датум.

Ова линеарно зголемување ќе важи само за месец февруари 2019 година. Фондот продолжува внимателно да ги следи состојбите со достапноста на лековите на рецепт во аптеките, со цел осигурените лица да добиваат навремено и квалитетно обезбедување на лекови на рецепт.